РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-45/3**
**Скопје,12.03.2025 година.**

Записник од дваесет и прва седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 12.03.2025 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа м-р Кети Петкова член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на дваесет и прва седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори дваесет и прва седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записниците од 15-та, 16-та, 17-та, 18-та и 19-та седница на Советот
2. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во основните јавни обвинителство во РСМ.
3. Разно.

Вака предложениот дневен ред од страна на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, од страна на членовите на Советот беше одлучено записниците да бидат разгледани и усвоени на наредната седница на Советот поради технички причини.

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека на претходниот оглас се пријавиле вкупно 39 кандидати од кои 38 со уредна документација, пет кандидати ги повлекле документите и е извршен избор на 28 кандидати во основните јавни обвинителства во РСМ и во текот на денешниот ден избраните јавни обвинители дале свечена изјава. Претседателот на Советот кажа дека согласно изговената проекција од страна на Советот која е доставена до АСЈО и усвоена со одлука на Управниот одбор на Академијата, останале неполнети уште 19 јавно обвинителски места и на денешната седница на Советот предложи Советот да донесе одлука за објавување на оглас за тие 19 слободни јавно обвинителски места во основните јавни обвинителства и тоа:

Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани
Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево
Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Охрид
Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Радовиш
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Тетово
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Штип

Откако го даде предлогот, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека согласно согледувањата извршени од страна на Советот и одлуката која што е доставена до Академијата за бројот на слободни јавно обвинителски места, оваа бројка е реална и смета дека согласно законот Советот треба да донесе одлука за објавување на оглас.

Членот на Советот г-ѓа Светлана Стојковиќ смета дека Советот треба да биде доследен на претходна изготвената проекција и од слушателите на 8-та генерација во АСЈО да бидат избрани 47 јавни обвинители. Со оглед дека се избрани 28 јавни обвинители, преостанува да се изберат уште 19 јавни обвинители кои согласно одлуката се резервирани од 8-та генерација. Воедно кажа дека според неа начинот на кој се распределени слободите јавно обвинителски места е сосема во ред.

Г-ѓа Марјана Илиеска се согласи со предлогот на претседателот на Советот, за да се донесе одлука за објавување на оглас за 19 јавно обвинителски места, со оглед дека истите одговараат на изготвената систематизација и реалните потреби во основните јавни обвинителства каде што има недостаток на јавни обвинители и воедно да не се излегува од рамката на предвидените 47 јавно обвинителски места.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска, предлог Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на 19 јавни обвинители го стави на гласање.

Едногласно со десет гласа ЗА истиот беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**. Заклучок|: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во основните јавни обвинителства и тоа:**

**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани**
**Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево**
**Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Охрид**
**Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Радовиш**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Тетово**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Штип**

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со настанат кој што се има случено претхоидниот ден, а се однесува на кандидатите од 8-ма генерација на АСЈО кои се уште останеле неизбрани ниту во судовите, ниту во основните јавни обвинителства. Претседателот на Советот ги извести членовите на Советот дека во текот на вчерашниот ден Судскиот совет објавил оглас за избор на судии во повеќе судови во РСМ и покрај тоа што согласно проекциите на Судскиот совет било останато само едно слободно место за судија. Истакна дека на претходниот оглас Судскиот совет избрал 49 судии. Потенцираше дека останатите 19 места се за јавни обвинители. Смета дека со овој чин се нарушува целокупниот процес во правосудството во РСМ, од причина што не е целта само да се пополнат судовите со судии, туку и јавните обвинителства. Кажа дека проекциите кои биле изготвени од страна на двата Совета и одлуките кои се донесени и доставени до АСЈО треба да се почитуваат од двете страни. Од тие причини смета дека Советот на јавните обвинители треба да укаже дека на овој начин се врши упад во бројката која е дадена од страна на Советот, со оглед на тоа што се објавуваат огласи за избор на судии и евентуалниот нивен избор би значело целосно нарушување на работата на јавното обвинителство. Со

оваа постапка смета дека се губи и смислата на самите проекции кои ги произнеле двата Совети и доколку истите не се почитуваат тогаш немаат никаква смисла. Воедно кажа дека двата Совети одржале заеднички состанок во присуство на меѓународен фактор на кој бил донесен заклучок Советите да се придржуваат кон донесените проекции поточно одлуки за слободни места за судии и јавни обвинители, а тоа е 50 судии и 47 јавни обвинители. Од наведените причини смета дека како Советот мора да се известат институциите кои што се вклучени во овој процес, а тоа се АСЈО, ЈОРСМ, како и Министерството за правда на РСМ, чиј член активно учествува во Управниот одбор на АСЈО. Ги извести членовите на Советот дека е учесник на поткомитетот за правда што ќе се одржи во Брисел, а на кој настан ќе присуствува on line. Во текот на двата дена меѓународните претставници ќе бидат известени за ова постапување на Судскиот совет. Воедно отвори дискусија по ова прашање.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која во целост даде подршка на искажаното од страна на претседателот на Советот и кажа дека ова излегува од рамките на дадените проекции од страна на двата Совети, а врз основа на кои се темели работата на АСЈО. Смета дека со оваа постапка се врши упад во јавно обвинителскиот систем и ова може да стане пракса и за секоја наредна проекција и да произлезе непочитување на договорот со Судскиот совет. Кажа дека факт е дека Советот не може да се меша во работата на другите институции меѓутоа предложи Советот да донесе заклучок со кој ќе се извести Министерството за правда на РСМ, и останатите меѓународни институции кои учествувале и ја подржуваат работата на АСЈО на досега заснованиот принцип. Има сознанија дека се подготвува измена на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители каде би можела оваа ново настаната ситуација да се предвиди како можен начин за избегнување на упадот во кандидатите кои би конкурирале за јавни обвинители. На мислење е дека доколку Судскиот совет не распише оглас за судии, тогаш кандидатите би се јавиле на огласот за јавни обвинители и со тоа нема да има ерозија во јавнообвинителскиот систем.

Членот на Советот г-ѓа Јелена Догазанска Колева се согласи со излагањето на претседателот на Советот како и со колешката Кети Петкова и смета дека нема начин како Судскиот совет би ги оправдал одлуките донесени во 2020 година, дури смета дека истите се и незаконити.

Г-дин Ермон Незири даде целосна подршка на претседателот на Советот и смета дека Советот мора да реагира. Кажа дека со ова се нарушува темелот на АСЈО, дека постои проекција каде стои дека за судии се предвидени 50 места, а за јавно обвинбители 47 јавно обвинителски места. Кажа дека со ваквото постапување се отвара пандорина кутија и да самиот кандидат каже дека не сака да се пријави на оглас, а од друга страна задолжително треба да се јави на секој оглас Но може да ја разбере идејата на Судскиот совет кој што објавил оглас дури за 37 места. Постави прашање дали јавни обвинители би конкурирале за судии. Кажа дека можеби Советот треба да размислува за измена на законот за АСЈО па да се формира посебна Академија само за јавни обвинители. На мислење е да се донесе заклучок дека Советот на јавните обвинители останува на претходниот принципот и донесената

одлука за 47 јавнообвинителски места, а Судскиот совет треба да одговара за своите постапки.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека досегашната соработка помеѓу Советите била одлична, има склучен и меморандум за соработка, меѓутоа со овој начин на работа истиот се доведува под знак прашање. Советот на јавните обвинители на РСМ ќе стои на дадените проекции, нема да отстапува од истите и сега ќе се објави оглас само за 19 јавно обвинителски места и покрај тоа што има потреба за пополнување на повеќе јавно обвинителски места во основните јавни обвинителства во РСМ.

Членот на Советот г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека сите биле изненадени од одлуката на Судскиот совет и смета дека на овој начин ќе се нанесе голема штета на работењето на јавното обвинителство и би се направила лоша пракса за во иднина. Смета дека Советот треба да реагира и писмено да се обрати до надлежните институции и да се образложи настанатата ситуација. Укажа дека непридржувањето на Советите до претходно утврдените проекции, дополнително би ја отежнала ситуацијата.

Членот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека со слабата доверба од страна на јавноста во однос на Советите кој што е актуелен овој период, со ваквата настаната ситуација уште повеќе ќе се поткопа довербата со оглед на тоа што Судскиот совет не се придржува на одлуката што претходно ја има донесено , а која е потврдена од страна на Управниот одбор на АСЈО.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека тешка е јавнообвинителската работа и смета дека повеќето од кандидатите сакаат да бидат судии отколку јавни обвинители.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска како заклучок предложи Советот писмено да се обрати и да ги извести Министерството за правда на РСМ, Академијата за судии и јавни обвинители и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за новонастанатата ситуација со Судскиот совет.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи дваесет и првата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**